РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-2416/2
04 -03- 2020

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси, на 28 - та седница одржана на ден 29 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2416/1 од 13.04.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2416/1 од 13.04.2019 година.

Предметот со број 09-2416/1 од 13.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-2416/1 од 13.04.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против поранешен управник на УЈП --------- кој ја вработил својата ќерка во УЈП на незаконит начин, како и за лицето -------, за кој исто е наведено дека е поранешен управник во УЈП -----, кој си ја вработил својата сопруга во Центар за социјална работа, а и својот син во МВР.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавата нема доволно елементи врз основа на кои Државната комисија може да постапува, односно нема податоци за блиските лица на службените лица кои се пријавени.

Со оглед на тоа што наведената пријава е анонимна, Државната комисија не може да се обрати за поконкретно прецизирање и прибирање на дополнителни податоци и информации.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев – Член на ДКСК


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk